**20250821803**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 25 став 5 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25), министерот за култура и туризам, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА А И Б ЗА ВРШЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата А и Б за вршење на туристичката дејност.

Член 2

Лиценцата А за вршење на туристичката дејност се издава на образец во А4 формат, на специјална хартија во жолта боја.

Формата и содржината на образецот на лиценцата А од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Лиценцата Б за вршење на туристичката дејност се издава на образец во А4 формат, на специјална хартија во зелена боја.

Формата и содржината на образецот на лиценцата Б од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на лиценцата А и Б за вршење туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/13).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 69-3070/7
22 април 2025 година
Скопје

Министер за култура
и туризам,
**Зоран Љутков,** с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за туристичката дејност, Министерството за култура и туризам издава

# ЛИЦЕНЦА

## за вршење на туристичка дејност

На ______________________________________________________________

(назив на правното лице)

ул.______________________________________________________________

(седиште на правното лице)

За вршење на туристичка дејност се издава лиценца **А**

Туристичката агенција ____________________________________ дејноста ја врши

(назив на агенцијата)

во објект на адреса ________________________________ во _________________.

Рег. број / ______________

_________ _____ година

Скопје

Министер за култура и туризам

______________

(потпис)

М.П

**Прилог 2**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за туристичката дејност, Министерството за култура и туризам издава

# Л И Ц Е Н Ц А

**з а  в р ш е њ е  н а  т у р и с т и ч к а  д е ј н о с т**

На ________________________________________________________________
(назив на правното лице)

ул.________________________________________________________________
(седиште на правното лице)

За вршење на туристичка дејност се издава лиценца **Б**

Туристичката агенција __________________________________ дејноста ја врши
(назив на агенцијата)

во објект на адреса ______________________________ во _________________.

Рег. број / ______________

_________ _____ година

Скопје

Министер за култура и туризам

______________
(потпис)

М.П